

# БОРИСЛАВ
# ТРАНКОВСКИ



## ПИЕТЕТ КОН ТВОРЕШТВОТО НА БОРИСЛАВ ТРАИКОВСКИ

Предизвикот да се организира изложба на Борислав Траиковски, 3 години по неговата смрт, беше проткаен со голем пиетет кон неговата креативна индивидуа, а истовремено и со посебен респект кон творештвото кое го остави зад себе. Проучувањето на неговиот опус ќе понуди многу повеќе елементи од оваа изложба која ќе претставува само еден сегмент во пополнувањето на монографскиот мозаик за авторот. Со оглед на широкиот дијапазон на стилско ликовни определби (од експресионизам преку фовизам до апстракција) се определивме да го изложиме апстрактниот опус на авторот кој нуди посебни предизвици за анализа, проучување и сублимирање на неговиот внатрешен универзум.
Апстракцијата на Траиковски потекнува од промената и испитувањето на надворешната форма што се движи од експресивен реализам до апстрактен експресионизам. Како доста значајна компонента е фактот што Траиковски во



себе ја поседуваше музиката, ја чувствуваше хармонијата на звуците, ја слушаше и истата ја пренесуваше преку бојата на платното.

За него бојата претставува енергија која го развива сликарството и го менува во времето и просторот. Таа е емоција која го создава расположението во сликата во која робусната, груба и неправилна линија ја создава акцијата во делото. Таа треперлива енергија на бојата повеќе е органска одошто геометриска, распоредена систематски во визуелни и сликовити елементи.

Изложените дела покажуваат дека Траиковски е истовремено и романтичен и мистериозен особено при мајсторското изведување на конструкцијата на сликата и осмислено испланираниот простор.

Творечкиот чин на авторот значи магично искуство во кое уметноста успева да ги соедини внатрешната визија со надворешните доживувања во изразувањето на вистината која е паралелна на човекот и неговата природа. Неговите дела претставуваат еден нов и свеж сензибилитет, доживување на фантазијата преку апстрактни елементи, со чија помош се истакнува целата внатрешна убавина ослободена од конвенционалните форми на убавото.

Лиљана Христова



УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА
Битола
Ноември 1999

Организатор: **Завод, Музеј и Галерија - Битола**
За организаторот: Иван Јолевски
Комесар на изложбата: Лилјана Христова
Компјутерска обработка и печат: **"Киро Дандаро"** - Битола